ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-283/4**

**Дата:** 04.04.2012

**ДО**
**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ - ДС**
**СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година на Демократски сојуз (во натамошниот текст ДС) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на ДС Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ДС за 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија констатирано е: отсуство на донесен акт за утврдување на лице/ца одговорни за материјално-финансиско работење на партијата; недоследно почитување на сметководственото начело на модифицирано признавање на приходите и расходите; не се презентирани пописни листи за извршен попис на средствата и изворите на средствата и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- распределба на средствата кои имаат третман на јавно финансирање на политичките партии;
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;

- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации.

Извршивме обелоденување во делот на непрактикување на уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу коалиционите партнери; недоволно обезбедени средства од чланарина и извршени корекци кои имаат влијание на финансискиот извештај-Биланс на состојба.

Законскиот застапник на партијата на ден 12.03.2012 година достави до Државниот завод за ревизија забелешки/појаснување на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за редовно работење на Демократски сојуз Скопје, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи, промени на капиталот и резервите и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Демократски сојуз Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Павле Трајанов, претседател на партијата од 19.03.2000 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Демократски сојуз се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.09.2011година до 26.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДС – предмет на ревизија, одржан на ден 06.12. 2011 година.

На ден 12.03.2012 година со писмо број 0108-1 примени се забелешки/појаснувања по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-283/1 од 25.01.2012 година.

Забелешките/појаснувањата се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки/појаснувања се однесуваат за утврдените состојби содржани во менаџерскиот извештај; дел претставуваат информирање за причините за утврдените состојби и намерите за идното постапување по дадените препораки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Согласно одредбите на Законот за политичките партии е уредено дека политичката партија мора да има одлука со која ќе се утврдат имињата на лицата одговорни за материјално-финансиското работење на партијата. На ревизијата не и е презентирана наведената одлука а водењето на деловните книги е доверно на правен субјект со кој не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски. Утврдената состојба влијае на начинот на водење на деловните книги и квалитетот на финансиските извештаи.

До денот на известување за извршената ревизија законскиот застапник достави:

- Договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу партијата и правниот субјект задолжен за водење на деловните книги и
- Одлука со која се врши задолжување/одредување на лице одговорно за водење на сметководствено/книговодствените работи на партијата,

поради што ревизијата не дава препорака.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Со извршената ревизија на деловните книги/начинот на евиденција и искажување на сметководствените настани/трансакции во истите, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации, прифатените сметководствени принципи и сметководствено прифатената практика и тоа:

- не е применето сметководственото начело на модифицирано сметководство при признавањето на приходите и расходите. Во исто време не се искажани расходи за исплатени парични средства до 31.01.2011 година, а кои се однесуваат за известувачкиот период во вкупен износ од 441 илјади денари;
- невоспоставена контрола/верификација со потпис на сите документи кои се евидентираат во деловните книги од страна на законскиот застапник или од лице кое што тој го овластил;
- не се поврзани деловните книги на крајот на деловната година, дневникот и главната книга не се потпишани од страна на законскиот застапник или лице кое што тој го овластил;
- сите користени сметки за евиденција во деловните книги не се усогласени со сметководствениот план за непрофитни организации;
- не се презентирани пописни листи за извршен попис и не е извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.

Утврдените состојби влијаат на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

До денот на известување за извршената ревизија законскиот застапник достави:

- Одлука за формирање на комисија за вонреден попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба 31.10.2011 година;
- Извештај од пописната комисија за утврдените состојби по спроведениот попис и
- Изјави за давање на користење на неограничено време на движен имот на партијата.

**Препорака**

Надлежните органи на Партијата да превземат мерки и активности за:

- целосна примена на сметководственото начело на модифицирано сметководство при признавањето на приходите и расходите;
- воспоставување на контрола/верификација со потпис на сите документи кои се евидентираат во деловните книги од страна на законскиот застапник или од лице кое што тој го овластил;
- поврзување на деловните книги на крајот на деловната година, дневникот и главната книга да се потпишани од страна на законскиот застапник или лице кое што тој го овластил;
- усогласување на сите користени сметки за евиденција во деловните книги со сметководствениот план за непрофитни организации;
- вршење попис и усогласување на состојбата на средствата и нивните извори.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1. и 3.2. се:

- недонесен акт за одредување на лице/ца одговорни за материјално финансиско работење;
- неприменување на сметководственото начело на модифицирано признавање на приходите и расходите;
- невоспоставена верификација на сметководствените документи;
- не презентирани пописни листи за извршен попис на средствата и нивните извори и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2 финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Демократски сојуз на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Демократски сојуз, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Јавните извори на финансирање на политичките партии се уредени со одредбите од член 8 до член 12 од Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" број 76/04; 86/08; 161/08 и 96/09) и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" број 59/05; 73/07; 52/10) како и Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии донесено од Министерството за финансии број 07-13441/1 од 20.04.2010 година.

Имајќи ги предвид одредбите од законските и подзаконските акти за начинот на финансирање на политичките партии и расположливите податоци добиени со ревизијата, утврдено е следното:

- постојат разлики во начинот на распределба на средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија утврдени во Законот за финансирање на политичките партии и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, поради што Уставниот суд на Република Македонија во 2011 година донесе Одлука У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година (Службен весник на РМ бр. 132/11), со која се укинаа неколку одредби од Упатството;
- во текот на извршувањето на ревизијата од страна на ревизорите доставено е писмено барање до Министерството за финансии со цел да се добијат податоци за висината на планирани и исплатени средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија за 2009 и 2010 година, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии. До завршувањето на ревизијата вакви податоци не се добиени;
- донесеното Решение за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии не овозможува јасен приказ за начинот на кој е извршена распределбата на средствата меѓу партиите;
- во точка 7 од Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии е наведено дека носителот на коалицијата се задолжува средствата кои отпаѓаат на коалицијата да ги распредели на коалиционите партнери сразмерно на бројот на нивните советници, додека според Законот за финансирање на политичките партии средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено партиите поинаку не се договорат и
- решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии не е доставено до Демократски сојуз .

Ревизијата упатува на потребата од воспоставување на едноставен и точен систем за утврдување на паричните средства за финансирање на политичките партии и транспарентен начин на нивна распределба.

5.2. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна и во најмалку еден од дневните весници. Со став три од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]„. До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. За потврдување на утврдената состојба ревизијата се обрати со писмо до надлежниот министер, но по истото не е добиен повратен одговор.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежното министерство да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши прилагодување на потребните информации за обезбедените донации и истите да не ги објави на својата веб страна и во најмалку во еден од дневните весници[2].

5.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година.

[2] Со одредбите на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (“Службен весник на РМ“ број 148 од 21.10.2011 година) укината е обврската политичките партии Регистарот на донации да го објавуваат во најмалку еден од дневните весници односно партиите имаат обврска Регистарот на донации јавно на својата веб страна да го објават и на друг соодветен начин да го направат достапен на јавноста.

организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[3]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[4] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Воспоставена е пракса дел од политичките партии да склучуваат Повелби за стратешко коалицирање на локалните, парламентарните и претседателските избори без притоа да ги уредат меѓусебните права и обврски од аспект на начинот на распределба на средствата добиени од Буџетот на Република Македонија кои се однесуваат на:

- надоместување на трошоците за изборите и
- надоместување на средствата за годишно финансирање на политичките партии.

[3] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[4] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

Ваквата состојба предизвикува отсуство на конкретни критериуми на начинот на распределба на средствата помеѓу коалиционите партнери а пред се доследна примена на членот 11 и членот 12 од Законот за финансирање на политичките партии кои упатуваат "поделба на еднакви делови помеѓу коалиционите партнери освен ако партиите со предизборен договор поинаку не се договориле".

Ваквата состојба упатува на потребата на коалиционите партнери своите права и обврски да ги уредат со предизборен договор со што ќе се надминат погоре наведените состојби а воедно ќе го олеснат и постапувањето на надлежното министерство.

6.2. Со одредбите на член 13 став 1 алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии меѓу кои е и финансирањето по основ на членарина, како редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Врз основа на наведениот закон и Статутот на Демократски сојуз, Централниот совет на ден 28.10.2000 година, донел Одлука за членарина и начинот на собирање на членарината. Висината на наплатените средства на име членарина влијаат на можноста на обезбедување на стабилни и задоволувачки извори на финансирање на партијата.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на партијата извршени се корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај-Биланс на состојба, спроведени во повеќе налози за книжење и тоа:

- налог за книжење број 0010 од 31.10.2011 година со кој е извршено евидентирање на материјално средство во износ 1.568 илјади денари, зголемување на изворите на средствата, зголемување на АВР и зголемување на обврските во ист износ;
- налог за книжење број 0001 од 31.10.2011 година со кој е извршено евидентирање на амортизација на новонабавено материјално средство со што се врши зголемување на исправката на вредноста на материјалните средства за износ од 140 илјади денари и намалување на изворите на средствата за истиот износ;

Скопје, 26.03.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1 | 1 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.708 | 1.458 |
| Други приходи | 48 | - |
| Вонредни приходи | 42 | - |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **2.799** | **1.459** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 1.106 | 1.067 |
| Други расходи | 263 | 110 |
| Капитални и други средства | 5 | - |
| Плати и надомести на плати | 261 | 240 |
| **Вкупни трошоци од оперативно работење** | **1.635** | **1.417** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.164** | **42** |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 1.164 | 42 |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 1.164 | 42 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 530 | 88 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 334 | 334 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 838 | - |
| Материјали, резервни делови и ситен инвентар | 1 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **1.703** | **422** |
| **Нетековни средства** | | |
| Материјални вложувања | 54 | 49 |
| Исправка на вредноста на нематеријалните и материјалните средства | 37 | 37 |
| **Вкупно нетековни средства** | 17 | **12** |
| **Непокриени расходи од претходни години** | **427** | **427** |
| **Вкупна актива** | **2.147** | **861** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Добавувачи | 189 | 30 |
| Краткорочни финансиски обврски | 487 | 487 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.163 | 42 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **1.839** | **559** |
| **Извори на средствата** | | |
| Извори на деловен фонд | 36 | 30 |
| Ревалоризациона резерва | 1 | 1 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходи | 271 | 271 |
| **Вкупно извори на средствата** | **308** | **302** |
| **Вкупна пасива** | **2.147** | **861** |

**ПРЕГЛЕД**

**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА**

| ОПИС | Деловен фонд | Ревалоризацион а резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2010 година** | **30** | **1** | **31** |
| **Зголемување по основ на:** | **5** | **-** | **5** |
| Набавка на возило | 5 | - | 5 |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| **Состојба на 31.12.2010 година** | **35** | **1** | **36** |

**ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ**
ул. Стале Попов бр.9 локал 4
тел-фах. 02/3231-141 02/3215-149
02/3215-163 02/3215-164
www.demokratskisojuz.org.mk
e-mail: demokratskisojuz@mt.net.mk

"ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ"
Бр. 0108-1
09.03.2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 12.03.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 14 | 283/3 | | |

До
Државен завод за ревизија

**Врска: Ваш акт број 14-283 од 25.01.2012 година.**

Во врска со извршената ревизија на финансиските извештаи на Демократскиот сојуз, сакаме да искажеме благодарност до тимот кој што ја вршеше ревизијата, за нивниот професионален однос, стручност, но пред се за дадените насоки и сугестии за надминување на некои слабости во книговодствено - сметководствените работи.

Во насока на појаснување на некои Ваши забелешки, чувствуваме потреба да Ви го презентираме следното:

***1. Усогласеност со закони и прописи***

1.1 Демократскиот сојуз има акт за организација и систематизација, во кој акт е дефинирано кои работни места се предвидени и нивната плата, додека содржината на работните обврски ( за некои од работните места) се содржани во Статутот на ДС.
По Ваше укажување донесен е нов акт (Одлука за организацијата и систематизацијата), утврден е коефициент по основ на кој се пресметува платата и дополнети се договорите за вработените согласно Законот за работни односи.
Во прилог Ви ги доставуваме претходната Одлука и новата Одлука за организација и систематизација на стручната служба.

1.2 Целокупното благајничко работење го извршува овластената фирма САГОР ДООЕЛ, која по укажувањата од Ваша страна, целокупното благајничко работење го среди и продолжува да работи согласно дадените насоки.

1.3 Договорите за закуп на деловен простор се усогласени и во истиот е предвидено персоналниот данок да го плаќа закупопримачот (ДС), што веќе се спроведува.

***2. Финансиски извештаи***

2.1 Користењето на сопствените патнички возила е уредено во целост согласно дадените насоки.

### *3. 2 Биланс на состојба ( Нацрт извештај )*

Во делот на усогласеност со закони и прописи, ги даваме следните наши забелешки и констатации:

3.2.1 Во врска со забелешките за непримена на начелото за модифицирано книговодство, нагласуваме дека средствата во износ од 441,000,00 денари се книжени и искажани во завршната сметка за 2011 година.

Овластената фирма за книговодствени/сметководствени работи, во целост ја прифати забелешката дека требало да се искажат во завршната сметка за 2010 година, во која требало да се внесат и расходите од јануари 2011 година. Меѓутоа сметаме дека во ревизорскиот извештај ова треба да биде појасно искажано, за да не се "чита" извештајот погрешно од недоволно упатените.

Инаку, воспоставени сé сите евиденции, се применува начелото на модифицирано сметководство (за непрофитни организации).

Другите наоди се од системска природа, на кои заедно со другите политички партии, ќе работиме на нивно надминување.

Срдечни поздрави,

претседател
Павле Трајанов

ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
ДЕМОКРАТСКИ
СОЈУЗ
СКОПЈЕ

“ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ“
Бр. 0102-8
18-01 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57, став 1, точка 8 и 9 од Статутот на Демократскиот сојуз, Претседателството на ДС, на седница одржана на 17.01.2012 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за организација и систематизација на стручна служба на ДС

| Назив на раб.место | Бр. на извршители | Стручна спрема | Раб.искуство | Коефициент | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на ДС | 1 | - | без | 4,000 | 1200 |
| Потпретседател на ДС | 2 | - | без | 3,500 | 1000 |
| Член на Претседателство на ДС | 11-21 | - | без | 3,000 | 900 |
| Генерален секретар на ДС | 1 | - | без | 3,500 | 1000 |
| Шеф на кабинет на Претседателството на ДС | 1 | ВСС | без | 3,000 | 850 |
| Советник | 3 | ВСС | без | 2,500 | 800 |
| Стручен соработник | 3 | ВСС | без | 2,000 | 700 |
| АТС | 1 | ССС, Виша,ВСС, комјут., стр.јазик | без | 1,300 | 400 |
| Возач | 1 | ССС, воз. дозвола (B, C, D и E кат.) | без | 1,300 | 400 |

| Назив на раб. место | Опис на работни задачи: |
| --- | --- |
| ***Претседател на ДС*** | - ја претставува и застапува ДС во земјата и во странство;<br>- ја спроведува политиката на ДС;<br>- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на ДС;<br>- го координира функционирањето на ДС;<br>- свикува седници на Конгресот и на Централниот совет;<br>- предлага Програма за развој на Партијата и ширење на членството;<br>- се грижи за кадровската политика на ДС;<br>- предлага начини за дејствување на претставниците на ДС во законодавната и извршната власт;<br>- предлага начини за формите на финансирање на ДС;<br>- предлага одлуки за спроведување на изборната кампања;<br>- предлага двајца потпретседатели, генерален секретар и членови на Претседателството на ДС;<br>- предлага кандидати за членови на Централниот совет;<br>- ангажира стручни лица од одредени области за помош во извршувањето на својата функција;<br>- врши други работи што ќе му ги довери Конгресот на ДС и Централниот совет;<br>- потпишува акти;<br>- утврдува и предлага начин на организирање на стручната служба на ДС. |
| ***Потпретседател на ДС*** | - ја претставува и застапува ДС во земјата и во странство;<br>- предлага мерки и активности за работата на ДС;<br>- ја спроведува политиката на ДС;<br>- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на ДС;<br>- го координира функционирањето на ДС;<br>- предлага Програма за развој на Партијата и ширење на членството;<br>- се грижи за кадровската политика на ДС. |
| ***Член на Претседателство на ДС*** | - ги гради и реализира политичките ставови на ДС;<br>- го утврдува Нацрт-статутот, Програмата и други акти што ги донесува Конгресот и Централниот Совет на ДС;<br>- утврдува Нацрт извештај за работата на ДС;<br>- му предлага ставови и заклучоци на Централниот совет на ДС;<br>- ги реализира ставовите и заклучоците на Централниот совет на ДС;<br>- го следи спроведувањето и начинот на кој се води евиденцијата на членството;<br>- ја следи реализацијата на Програмата за развој на Партијата и ширењето на членството;<br>- ја организира и контролира Стручната служба на ДС;<br>- донесува акти за извршување на обврските од работниот однос на работниците во Стручната служба на ДС;<br>- ги разгледува претставките, мислењата, иницијативите и |

| | |
|---|---|
| | барањата што им се доставуваат на највисоките органи на ДС;<br>- формира работни тела;<br>- ја утврдува и води кадровската политика на ДС;<br>- донесува Деловник за својата работа;<br>- извршува и други работи што ќе му ги довери Централниот совет, како и оние што произлегуваат од целите и задачите на ДС, а не се ставени во надлежност на друг орган. |
| ***Генерален секретар на ДС*** | - ги подготвува седниците на Конгресот и на Централниот совет на ДС;<br>- контактира со општинските и градските организации на ДС;<br>- ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на Конгресот, Централниот совет и Претседателството на ДС;<br>- предлага мерки и активности за работата на ДС;<br>- по овластување на претседателот му помага на претседателот во водењето на кадровската политика, ги потпишува финансиските документи на ДС, и<br>- врши и други работи што ќе му ги доверат Конгресот, Централниот совет или се утврдени со Статутот и другите акти на ДС. |
| ***Шеф на кабинет на Претседателството на ДС*** | - ја организира работата на стручната служба на ДС<br>-се грижи за организациско-административни и технички работи на ДС<br>- учествува во подготовките на седниците на Претседателството на ДС, Централниот совет на ДС, Собранијата на ДС и Конгресот на ДС.<br>- се грижи за законито работење на стручните служби,<br>- врши прием на странки, подготвува извештај до претседателството на ДС со предлозите, сугестиите или барањата на странките,<br>- организира и се грижи за безбедноста на носителите на функции на ДС и објектите каде е сместена ДС,<br>- врши други работи согласно насоките и потребите на Претседателството на ДС, Претседателот на ДС и др. |
| ***Советник*** | - подготвува информации, анализи и извештаи за потребите на ДС,<br>-подготвува програми и други документи за потребите на ДС,<br>-подготвува проекти за потребите на ДС,<br>- врши подготовки за седниците на Претседателството на ДС, Централниот совет на ДС и седниците на другите органи и тела на ДС,<br>- подготвува мислења за потребите на ДС, претседателството на ДС, претседателот на ДС и другите органи и тела и носители на функции на ДС, |

| | |
|---|---|
| | -се грижи за стручно и законито работење и носење на одлуки на органите и телата на ДС,<br>- врши и други работи согласно потребите на ДС. |
| ***Стручен соработник*** | - се грижи за организација и одржување на седниците на Претседателството на ДС, Централниот Совет на ДС и другите органи и тела на ДС;<br>- учествува во подготовка на материјалите кои се разгледуваат на седници на телата и органите на ДС;<br>- организира и непосредно работи на водењето на потребните евиденции, архивирање и средување на добиените материјали;<br>- го организира финансиско-материјалното работење на ДС;<br>- ги води сите видови на благајнички и другите видови на сметководствено-книговотствени работи;<br>- врши и други работи кои и се доверени од страна на органите и телата на ДС. |
| ***АТС*** | - прием и евидентирање на добиените материјали;<br>- подготовка, евидентирање и испраќање на материјали;<br>- подготовка на партиски соопштенија и нивно доставување до медиумите и други субјекти;<br>- пречек на гости;<br>- прифаќање на телефонски повици и воспоставување на контакт со лица за потребите на партијата;<br>- документирање на натписи од печатените и електронски медиуми;<br>- архивирање на добиените материјали;<br>- други административно-технички работи. |
| ***Возач*** | - врши превоз на претседателот, Генералниот секретар, членови на претседателството на ДС и по потреба на други членови на ДС, стручната служба на ДС и др.<br>- се грижи за безбедноста на лицата кои ги превезува,<br>- се грижи за техничката исправност на возилото со кое управува, навремено сервисирање на возилата,<br>- извршува и други задачи по налог на лицата кои ги превезува. |

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.03.2012 година.

претседател

Павле Трајанов

ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Врз основа на член 57, став 1, точка 8 и 9 од Статутот на Демократскиот сојуз, Претседатеството на ДС, на седницата одржана на 21.06.2004 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за организација и систематизација на стручна служба на ДС

| Назив на раб. место | бр. на извршители | стручна спрема | раб. искуство | бодови |
|---|---|---|---|---|
| Претседател на ДС | 1 | - II - | без | 1200 |
| Потпретседател на ДС | 2 | - II - | без | 1000 |
| Член на Претседателството на ДС | 11 - 21 | - II - | без | 900 |
| Генерален секретар на ДС | 1 | - II - | без | 1000 |
| Шеф на кабинет на Претседателството на ДС | 1 | ВСС | без | 850 |
| Советник | 3 | ВСС | без | 800 |
| Стручен соработник | 3 | ВСС | без | 700 |
| АТС | 1 | ССС, виша, ВСС компјут, стр.јазик | без | 400 |
| Возач | 1 | ССС, воз. дозвола (B, C, D и E кат.) | без | 400 |

Скопје, 21.06.2004 г.

претседател,
Павле Трајанов

ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Одговор**
**на забелешките по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Демократски сојуз Скопје (во натамошниот текст ДС) на ден 12.03.2012 година достави забелешки на утврдените состојби во Нацрт извештајот“ број 0108-1 од 09.03.2012 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-283/3 по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведен под број 14-283/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и по истите се произнесе како што следува:

**Нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

1. Доставените забелешки на **точката 3.2.1. алинеа 1** која се однесува на непримenetото сметководствено начело на модифицирано сметководство при признавањето на приходите и расходите **<u>преставува известување за превземените активности</u>**. Законскиот застапник известува за начинот на постапување по утврдената состојба од страна на ревизијата и воедно известува дека правниот субјект на кој му е доверено водењето на деловните книги во целост ја прифатил дадената забелешка.

2. За утврдените состојби во делот на системски слабости законскиот застапник известува дека заедно со преостанатите политички партии ќе работи на нивно надминување.

Скопје, 26.03.2012 година,

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор: